Бр: 03-120/2
Скопје: 06.07.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-899/1 од 08.06.2022 година (Наш број 03-120/1 од 09.06.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 06.07. 2022 година го донесе следното

# **М И С Л Е Њ Е**

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони достави Барање на мислење бр. 13-899/1 од 08.06.2022 година (во натамошниот текст „Барање на мислење„), до Комисијата за заштита на конкуренцијата за предлог пакет на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино.

Во барањето на мислење од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони наведено е дека Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони доставило Писмо за намери за пренесување на својата комплетна дејност (опрема и вработени) во ТИРЗ Тетово.

Исто така, во барањето на мислење е наведено дека Владата на Република Северна Македонија на Триесет и четвртата седница одржана на 29 март 2022 година ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово, помеѓу Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино, како закупец на земјиште и Друштвото за инвестиции Нормак Инвестмент Гроуп АД Тетово како закуподавач, со бр. 41-2411/1 од 29.03.2022 година.

Согласно барањето на мислење, за потребите на инвестицискиот проект а согласно Законот за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино ќе реализира инвестиција во висина од дополнителни 8 милиони евра и ќе креира дополнителни 138 работни места.

Согласно член 9 став (1) алинеја 1 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија„ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18) –„**корисникот**

**на зоната кој спроведува продуктивни инвестициски вложувања остварува даночни ослободувања и олеснувања ако: врши нова дејност, а не ја пренесува дејноста од друго подрачје на Република Македонија во зоната“.**

Оттука, Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека за планираното доделување на државна помош согласно Предлог Договорот за доделување на државна помош **на корисник на технолошко индустриска развојна зона**, каде Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино се јавува како корисник на државна помош а Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, **не се исполнети условите** од член 9 став (1) алинеја 1 од Законот за технолошки индустриски развојни зони. Покрај тоа, во член 2 од истиот закон, стои дека целта на законот е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста и зголемување на вработувањето. Пренесувањето на комплетната дејност е во спротивност со остварување на целта на законот.

Воедно, пренесувањето на комплетната дејност и вработените на едно претпријатие во технолошки индустриска развојна зона заради добивање на поволности би ја нарушило конкуренцијата на пазарот помеѓу ова претпријатие и останатите учесници на пазарот.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**